Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр. Nr. 10-310/2
19-04-2023
20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

[redacted]

**Предмет**: Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-310/1 од 11.04.2023 година.

Во продолжение бараните информации, редоследно согласно Вашето барање:

1. **Број на поднесени претставки до КДЗД за утврдување на дискриминација за период од 1 јануари до 31 март 2023 година:**
   - Во периодот од 1 јануари до 31 март 2023 година до КСЗД се поднесени 91 претставки за заштита од дискриминација.
2. **Постапување на КСЗД по поднесени претставки за период од 1 јануари до 31 март 2023 година и тоа**:
   - 27 отфрлени претставки
   - 6 претставки по кои не се постапувало или била запрена постапката
   - 14 претставки за кои е утврдена дискриминација
   - 33 претставки за кои не е утврдена дискриминација
   - Области на утврдена дискриминација[1]
     - 5 случаи во областа на работата и работните односи
     - 3 случаи во областа на јавно информирање и медиуми
     - 2 случаи во областа на образование, наука и спорт

[1] Податоците се однесуваат на бројот на случаи на дискриминација во конкретната област. Со оглед дека КСЗД во извештајниот период утврди еден случај на дискриминација која била сторена во две области (и во областа јавно информирање и медиуми и во друга област), кога се прикажува бројот на случаи во областите треба да се има во предвид дека нивниот збир ќе биде поголем од вкупниот број случаи на дискриминација. Истото се повторува и кога се прикажува бројот на случаи за видовите на дискриминација (утврден е еден случај во кој дискриминацијата била во форма и на директна и на индиректна дискриминација), а особено кога се прикажува бројот на случаи за секоја од дискриминаторските основи (утврден е еден случај на дискриминација врз четири основи, потоа друг случај врз три основи, како и еден случај на дискриминација врз две основи).

- 2 случаи во областа на правосудство и управа
- 2 случаи во друга област
- 1 случај во областа на социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита.

- Видови на утврдена дискриминација
  - 7 случаи на директна дискриминација, од кои 2 случаи на директна продолжена дискриминација
  - 5 случаи на вознемирување, од кои 1 случај на повторено и повеќекратно вознемирување
  - 3 случаи на индиректна дискриминација, од кои 1 случај на индиректна продолжена дискриминација и 1 случај на индиректна продолжена интерсекциска дискриминација
- Основи на утврдена дискриминација
  - Политичко уверување во 5 случаи
  - Лично својство и општествен статус во 4 случаи
  - Национална или етничка припадност во 2 случаи
  - Пол во 2 случаи
  - Друго уверување во 2 случаи
  - Род во 1 случај
  - Припадност на маргинализирана група во 1 случај
  - Образование во 1 случај
  - Религија или верско уверување во 1 случај
  - Здравствена состојба во 1 случај.

3. **Број на поднесени барања до суд за дејствување како пријател на судот (amicus curiae) по барање на странката или по сопствена иницијатива за период од 1 јануари до 31 март 2023 година**
   - Во извештајниот период КСЗД нема поднесено барање до суд за дејствување како пријател на судот (amicus curiae).

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни информации.

Со почит,

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

Претседател
Исмаил Камбери